# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Среда 06 Ноември 2013 година Број 17/2013 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
**За прогласување и објавување на Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-69 години од ослободувањето на Радовиш**

Ја прогласувам Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември- 69 години од ослободувањето на Радовиш за 2013 год., бр. 07-2175/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 06.11.2013 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-2175/2 | Градоначалник на |
| 06 Ноември 2013г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Сашко Николов с.р. |

Врз основа на член 5 и член 8 став 2 од Одлуката за востановување општински награди и признанија, бр.08-262/1 од 08.07.1997 година, измена и дополнување на Одлуката бр. 07-1470/1 од 20.08. 2010 г. и измена и дополнување на Одлуката за востановување општински награди и признанија број 07-990/1 од 20.05.2013 год.

Советот на општина Радовиш на ден 06.11.2013 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-69 години од ослободувањето на Радовиш**

член 1

Со оваа Одлука се доделуваат : Шестоноемвриски признанија со златна плакета и Шестоноемвриски признанија за празникот "6-ти Ноември 69 години од ослободувањето на Радовиш".

член 2

Добитник на Шестоноемврискoто признание со златна плакета за 2013 год. е:

- АЦО РИСТОВ

За инвестиции во развојот на туризмот во општина Радовиш со изградба на хотелски кломплекс Бел камен на површина од 30.000 метри квадратнина планината Плачковица со што директно се потикнува многу поинтензивен развој на планинскиот туризам во Радовиш.

член 3

Добитници на Шестоноемвриски признанија за 2013 година се:

1. КРСТО СКУБЕВ

За исклучителни достигнувања во областа на културата и уметноста, особено како музички продуцент и културолог и автор на книгата ОД МОЦАРТ ДО МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ во која на еден популарен начин, низ еден социокултуриолошки пристап, е раскажана приказната за музиката од нејзините почетоци до денес.

2. М-Р. ВАСО РИСТОВ

За исклучителни достигнувања во областа на културата и уметноста, особено во сферата на музичката

уметност во која се јавува и како автор на це-де-то РАСПЕАНА ТРУБА со исклучителна и инвентивна изведба на бисерите од светскиот трезер на музиката за труба.

3. м-р. ИВАНКА СОКОЛОВА
За развој, унапредување и осовременување на библиотекарството во општината Радовиш.

4. ЦРВЕН КРСТ-КЛУБ НА МЛАДИ
За реализација на голем број проекти и акции поврзани со хуманоста.

5. ЗДРУЖЕНИЕ НА ТУРЦИТЕ ОД ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА
За зачувување и промовирање на традиционалните вредности на турците од Источна Македонија

член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-2175/1 Совет на општина Радовиш
06 Ноември 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-69 години од ослободувањето на Радовиш---------------- 1

ОДЛУКА За доделување општински признанија и награди по повод празникот "6-ти Ноември-69 години од ослободувањето на Радовиш---------------- 1